FRAGRANCE Inc / студија на случај

Информации

Fragrance Inc е компанија за продажба на парфеми, колонска вода и комплет подароци на мало на потрошувачи, којашто има 9 продавници и сите продавници се лоцирани во големи трговски центри во градот и околината на градот.

Главни добавувачи се: Шанел, Кристијан Диор, Герлен, Живенши, Кензо, Армани (Chanel, Christian Dior, Guerlain, Givenchy, Kenzo, Armani), итн..

Главни конкуренти се: Марионо, Сефора, Носибле (Marionaud, Sephora and Nocibé)

Fragrance Inc е семејна компанија создадена во 80-тите.

Персоналот се состои од 40 лица, вклучувајќи го и раководството. Клучните позиции ги држат членови на семејството:

- Управување со набавки и
- Залихи,
- Сметководството за дневни сметкопотврди

Гудвилот кој се појавува во билансот на состојба го претставува износот што се плаќа за стекнување на правото за управување со продавниците. На сопствениците на трговските центри им се плаќа кирија.

Купувањето на гудвилот е финансирано преку заеми за период од 6-7 години.

Во секторот за парфеми, најдобриот период за бизнис е кон крајот на годината (за Божиќ и Нова година). Друг добар период за бизнисот е на Денот на заљубените (Валентајн) и Денот на мајките.

Сите продавници имаат и козметички салон што остварува редовен приход

Основната добивка во секторот за парфеми доаѓа од рабатите на крајот на годината одобрени од добавувачи во врска со продажбите остварени во текот на изминатата година. Вообичаено, рабатите се однесуваат на првата четвртина од следната година.

Во 2008год., сопствениците на Fragrance Inc продадоа 100% од своите акции на Инвестициски фонд. Новото раководство во голема мера ја измени комерцијалната стратегија.

Задача што треба да ја извршите:

Вие сте статутарен ревизор на Fragrance Inc. Задачата за денес е да извршите ревизија на финансиските извештаи за 2008год.

Вие веќе имате извршено ревизија на компанијата за 2007год. и најверојатно ќе треба да вршите ревизија и во 2009год.

Вашата задача е да ги подготвите сите потребни работни листи и да ги класифицирате во папка.

Документи кои ви стојат на располагање:

- Финансиски извештаи
- Извадоци од Белешките кон финиансиските извештаи

Информациите што ви се на располагање треба да ви помогнат да комплетирате дел од ревизорската работа:

1. Разбирање на субјектот
2. Процена на ризик
3. Планирање на ревизијата

Во текот на работилницата ќе добиете дополнителни податоци.

Работилницата нема за цел да Ве научи како да вршите ревизија туку како да „го градете“ ревизорското досие во согласност со Меѓународниот стандард за контрола на квалитет (МСКК1) и ревизорскиот процес согласно Меѓународни стандарди за ревизија (ISAs).